НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп (во натамошниот текст НУ Завод и Музеј - Прилеп) е установа која што се занимава со дејноста за заштита на спомениците на културата, како и со музејска како основна дејност. Во рамките на основната дејност ги врши и следните работи:

- ги разгледува прашањата од областа на заштитата на спомениците на културата, предлага донесување прописи и преземање мерки во врска со заштитата на спомениците на културата и презема мерки во рамките на својата надлежност;
- ги проучува, истражува и со научни методи обработува прашањата од областа на заштитата на спомениците на културата;
- води регистар на спомениците на културата;
- води стручна евиденција и документација за спомениците (положба, степен на загрозеност, мерки на заштита);
- изработува студии, елаборати, анализи и други студиско-аналитички материјали за заштита на спомениците на културата;
- изработува проекти за конзервација, реставрација, реконструкција и други облици на непосредна заштита на спомениците на културата;
- врши и организира изведба на козерваторско-реставраторски и други работи на непосредна заштита на спомениците на културата;
- врши експертиза, вештачење, ревизија и слични работи од областа на заштитата на спомениците на културата;
- донесува решенија за утврдување и губење својство споменик на културата и други поединечни управни акти во прв степен согласно со закон;
- учествува во управни постапки што ги водат други надлежни органи;
- врши непосреден стручен надзор над изведувањето на работите на конзервацијата и реставрацијата на спомениците на културата и на спроведувањето на техничко-заштитните и други мерки за заштита на спомениците на културата;
- издава публикации од областа на заштита на спомениците на културата и пропаганден материјал за спомениците;
- врши и други стручни и управни работи во областа на заштитата на спомениците на културата, што му е ставено во надлежност со закон;
- систематски истражува, собира, средува, стручно и научно обработува и проучува, конзервира, чува, објавува и презентира музејски материјал;

- организира постојани изложбени поставки, повремени подвижни изложби, предавања, семинари, курсеви, прикажување на филмови и други форми на дејствување заради запознавање на граѓаните, со музејскиот материјал и нивното воспитно-образование и културно издигнување;

- обезбедува услови за користење и за научно и стручно проучување на музејскиот материјал;

- води влезна книга, книга на инвентар, картотека на музејскиот материјал и друг вид на евиденција и документација;

- врши ревизија на музејскиот материјал;

- издава научни и стручни публикации, каталози, водичи и друг пропаганден материјал;

- врши и други работи во областа на музејската дејност.

НУ Завод и Музеј - Прилеп покрај основната врши и дополнителна дејност и тоа:

1. Галериска дејност, односно организирање и јавно изложување на оригинални или примероци на дела од ликовната и применетата уметност;
2. Издавачка дејност.

НУ Завод и Музеј - Прилеп во согласност со Статутот своите задачи ги остварува преку организациони единици (сектори) кои се состојат од одделенија и преку истите стручните лица во согласност со Правилникот за организација на работата, ја вршат својата дејност.

За 2005 година НУ Завод и Музеј - Прилеп до Министерството за култура на Република Македонија конкурираше со 40 проекти од кои 25 проекти ги финансираше. Покрај тоа реализира уште пет проекти во рамките на вонпрограмските активности, а изврши и увиди на поголем број споменици на културата, археолошки локалитети како и други објекти во Прилеп и Крушево.

I . Заштита и користење на недвижното културно богатство

1. Документирање на постојана состојба на Стара Чаршија - Прилеп

Споменичкиот комплекс Стара Чаршија во Прилеп е урбанистичка целина која што својот најголем подем го има во II половина на XVIII век и почетокот на XIX век, кога Прилеп бил развиен трговски и занаетчиски центар. Денешниот изглед го добива кон крајот на XIX век и почетокот на XX век. Новите општествено-економски услови на живеење предизвикуваат девалвирање на естетските и функционалните специфики на Чаршијата. Од тие причини постојано се документира состојбата на Чаршијата со цел задржување на старата архитектура. Во 2005 година беше изготвена документација за три блока и тоа: А, К и Ј. Документацијата на постојна состојба на архитектурата опфаќа основи, пресеци, фасади и детали, како и фотодокументација.



Стара Чаршија блок К

2. Планиран увид во состојбата во евидентирани недвижни споменици на културата

Планираните активности во рамките на овој проект се реализираа во 11 села од Мариово, т.е. беше извршен увид во состојбата на црквите:

1. Св. Ѓорѓи - с. Чаниште;
2. Св. Ѓорѓи - с. Пештани;
3. Св. Спас - с. Кален;
4. Св. Спас - с. Полчиште;
5. Св. Димитрија - с. Мелница;
6. Св. Димитрија - с. Дуње;
7. Св. Димитрија - с. Гудјаково;
8. Св. Петка - с. Вепрчани;
9. Св. Архангел - с. Крушевица;
10. Св. Параскева - с. Бешиште;
11. Св. Атанас - с. Витолиште;
12. Св. Илија - с. Витолиште;
13. Манастир Св. Илија - с. Мелница.

Општа забелешка е дека состојбата во горенаведените проекти земено во целина е задоволителна. Иако во некои од објектите се потребни санациони зафати. Работната група која го реализираше овој проект даде предлог црквата Св.Илија, во манастирот близу с.Мелница од аспект на неговата вредност на културно наследство и на архитектурата и на фрескоживописот, заслужува да биде прогласена за споменик на културата.





Св. Илија, с. Мелница, Мариово

3. Изработка на техничка, дескриптивна и фото документација на црквата Св. Јован Богослов, с. Бонче

Причините за изборот на обработка на оваа црква лежат во индициите дека се работи за црква или остаток од неа кој настанал во турското владеење или познат како поствизантиска уметност. За таа цел беше изработена целокупната документација за црквата. Може да се констатира дека првата фаза на изградба на црквата е во првата половина на 17 век со сосема мали остатоци од живопис. Во 1923 година црквата е обновена. Сегашната состојба на црквата од архитектонски аспект е задоволителна и не се потребни посебни мерки на заштита.



Црква Св. Јован Богослов, с. Бонче

4. Рурална архитектура во Мариово

Овој проект беше реализиран во соработка со Архитектонски факултет. Имено студенти од овој факултет изготвија целосна техничка документација на објекти по наш избор и обем. Проектот се реализира во селата Витолиште (6 објекти), Дуње (7 објекти) и Бешиште (6 објекти) и притоа беше изготвена техничка документација за 19 објекти со типична рурална архитектура како примери на времето и просторот во кои се создадени. По реализација на проектот предвидена е изложба на фотографии „Архитектура што изумира“ која ќе се реализира во почетокот на 2006 година.

Во текот на рекогносцирањето и активностите за реализација на проектот по пат на подарок или на друг начин се дојде до голем број на предмети од метал, дрво, текстил, камен кои ќе ги збогатат збирките во етнолошкото, историското и одделението за нумизматика.



Куќа во Витолиште

5. Проект за конзервација и реставрација на црква Св.Успение Богородичино, старата трпезарија и магерницата во манастирот Трескавец
Фаза: Истражувачки работи

Во рамките на овој проект беа реализирани следниве активности:

а. Дигитализирање на фотограметриска документација на постојната состојба на архитектурата на црквите. Оваа фаза беше реализирана во соработка на стручни екипи на Рударскиот институт од Скопје.

б. Превентива на ѕидното сликарство. Со оглед на фактот што во голема мера имаме оштетување на фреските неопходно беше нивно превентивно санирање. Истото го реализира стручна екипа од Националниот конзерваторски центар под раководство на М-р Момчило Трајкоски - сликар конзерватор-советник.

ц. Истражувачки работи - археологија. Оваа фаза од истражувачките работи ја реализира стручна екипа од НУ Завод и Музеј - Прилеп, под раководство на Лилјана Кепеска, археолог-кустос советник. Археолошките истражувања се реализираа во одделни партии на подземните делови од црковниот комплекс за да се утврди хронологијата на објектот, да се дефинираат котите на подовите и да се дефинираат на темелењето и нивниот квалитет како и квалитетот на темелната поглога. Покрај тоа направени се и археолошки истражувања и надвор од габаритот на сакралниот објект.

д. Истражувачки работи - архитектура. Бидејќи се работи за сложен објект граден во повеќе фази а и поради неговото огромно значење во културното наследство беа вклучени поголем број на стручни лица од земјава и надвор од неа. Раководител на стручниот тим беше Тодор Паскали, архитект конзерватор советник, Васка Печијареска архитект конзерватор советник, консултанти беа архитект Д-р Евангелија Хаџитрипонос од Европскиот центар за византиски и поствизантиски споменици од Солун, Република Грцаија и проф. Д-р Јоргос Карадедос од Универзитетот "Аристотел" исто така од Солун.

е. Истражувачки работи - конструктивен систем. Оваа фаза ја реализираше екипа од ИЗИИС-Скопје. Истражувачките работи се состоеја од: Геофизички истражување во и околу црквата реализирани од Д-р Душан Алексовски и Динамички испитувања со методот на амбиент и принудни вибрации, реализирани од Д-р Лидија Крстевска. Во оваа фаза учествуваше и екипа од Универзитетот „ Аристотел " од Солун под раководство на проф. Д-р Јоана

Папајани. Истражувачките работи на конструктивниот систем беа реализирани под раководство на Д-р Вероника Шендова.

ф. Истражувачки работи - историја на ѕидно сликарство. Истите ги изврши стручна екипа на Националниот конзерваторски центар под раководство на М-р Јасмина Николиќ, во соработка со екипата за конзервација на ѕидното сликарство под раководство на М-р Момчило Трајковски, сликар конзерватор-советник.

г. Истражувачки работи - конзервација на ѕидно сликарство. Како една од многуте истражувачки работи е и оваа која ја реализира стручна екипа на Националниот конзерваторски цантар под раководство на М-р Момчило Трајковски, сликар конзерватор-советник. Во реализацијата на оваа фаза зеде учество и екипа од Универзитетот „Аристотел“ од Солун, под раководство на проф. Д-р Јоана Папајани.

Со добивањето на резултатите од разните видови истражување за овој мошне значаен споменик на културата ќе се пристапи кон изработка на проектот за конзервација на архитектурата и фрескоживописот.




Истражувачки работи на архитектура на црквата Св. Успение Богородичино во манастир Трескавец




Истражувачки работи - археологија на црквата Св. Успение Богородичино во манастир Трескавец

6. Конзервација на архитектура и реконструкција на тремот на црквата Св. Никола, с. Манастир, Мариово

Активностите започнаа со археолошко - архитектонски истражувања кои ја диктираа динамиката на реализација на оваа фаза од проектот т.е. продолжувањето на консолидацијата на конструктивниот систем со уфрлање на армирано бетонски темелни сегменти под носивите ѕидови на објектот. Археолошките истражувања се реализираа под раководство на Д-р Бранислав Ристески, научен соработник од Институтот за старословенска култура од Прилеп. По археолошките истражувања се уфрлија 20 армирано бетонски греди и сегменти во должина од 50 - 200 см, тоа се правеше внимателно не нарушувајќи ја статиката на црквата. Покрај бетон и армирано железо во процесот на бетонирање се уфрлаше цементно млеко помешано со В Хидрозим и В Суперфлуидот (производи од АД Адинг) кои овозможуваат одложување на брзото врзување на цементното млеко и обезбедува флуидност и постепено исполнување на просторот со материјалот и не дозволува евентуален пробив на капиларна влага помеѓу стариот и новиот темел од ѕид. Уфрлањето на материјалот се вршеше со специјално направен апарат кој го изработи АД Димче Бањарот - Прилеп, Атест бр.4910 под име Сад за преточување на цементно млеко. По завршувањето на активностите поголемиот дел од ископаната земја се врати и наби до потребното ниво. Реализацијата на проектот во наредните фази треба да продолжат и во следниот период. Стручен надзор на проектот беше извршен од страна на конзерватор советник Никола Шентески, од Националниот конзерваторски центар.



Уфрлен армирано бетонски темелен сегмент под темелот од источниот ѕид



Активности на северниот ѕид од објектот

7. Конзервација на архитектура на црквата Св. Никола, с. Кошино

Црквата Св. Никола во с. Кошино е еднокорабна со тристрана апсида на источната страна. Изградена е во 17 век на постари темели. Живописот датира од 19 век но првичните истражувања потврдија за постоење на живопис од 17 век. Со оглед на фактот што состојбата на кровниот покривач е незадоволителна т.е. има навлегување на атмосферски води во внатрешноста на црквата кои допринесуваат до деформации на кровната конструкција и оштетување на живописот. Од тие причини се симна целикупниот материјал од кровната конструкција вклучувајќи ги и старите керамиди и поставување на нови. Покрај тоа црквата е конструктивно консолидирана и зајакната со поставување на армирано бетонски серклаж по средината на сите ѕидови на црквата и поврзување на северниот и јужниот ѕид со челични навојни затеги.

Како превентива за несакани последици по живописот се изврши бандажирање со желатин и газа на одредени делови од живописот за кои се сметаше дека се нестабилни. Во рамките на конзервацијата беше извршено и фугирање на фасадите од црквата. При тоа беше констатирано дека можно е датирањето на градбата на црквата да се помести за еден век наназад што би се рекло црквата е изградена 16 век а доградбата е во 19 век. Секако за ова треба стручните лица да го кажат последниот збор. Во внатрешноста на црквата покрај предвидените конзерваторски интервенции се изврши и чистење на живописот од 19 век и китирање на позиции каде истото беше неопходно. Од безбедносни причини, а поради дотраеност на електричната инсталација, истата беше променета.



Црквата Св. Никола, с. Кошино

8. Дренажа на црква во манастирот Св. Архангел Михаил, Варош

Реализацијата на овој проект започна со отстранување на камените плочи од гранит и насипот од земја и шут, согласно архитектонската техничка документација. Со тоа целосно се согледа состојбата на старите дренажни канали чии испусти не беа целосно изведени вон објектот што овозможуваа да се јавува голема влага во црквата. Новонастанатата ситуација диктираше решение на контролирано одведување на несаканата вода и влага со изведување на бетонска препрека на дренажниот канал од северниот ѕид со пренасочување на водата во постоечката шахта. Претходно споменатите неповолности диктираа поопасни зафати од предвиденото со цел согледување на можни места од канали од каде повремено или редовно избива вода. Реализацијата на проектот се одвиваше под надзор на Никола Шентевски, конзерватор советник од Националниот конзерваторски центар. Активностите треба да продолжат и во 2006 година.



Дел од откриениот стар дренажен канал

9. Конзерваторско реставраторски работи и археолошки истражувања на локалитетот Стибера, с. Чепигово

Покрај археолошките истражувања кои континуирано се извршуваат последните години, во 2005 година со оглед на повеќе одобрени финансиски средства од Министерството за култура, се работеше и на конзерваторско реставраторски работи на дел од хероонот. Во рамките на археолошките истражувања направени се два ископа и тоа: западен и источен. Во западниот ископ регистрирани се поголеми сегменти од обрушен ѕид, при што е забележано дека во рушевината може да се распознае ѕидарија од неколку реда тули поврзани со слој од варов малтер. Откриена е широка платформа, чија функција во овој момент не е можно да се дефинира. Покрај тоа откриени се 2 масивни мермерни блокови со неправилна четвртаста форма, мермерна плоча од типот табула ансата, поголеми железни клинци и остатоци од керамички садови. Во источниот ископ се откриени делови од заштитниот хеленистички бедем на Стибера, ѕидан од кршен камен со максимална широчина од 2,30 м. Покрај тоа откриени се остатоци од животински коски, керамички садови и фрагменти од калапена керамика.

Напоредно со археолошките истражувања се извршуваа и конзерваторско реставраторски работи. Пред истите да почнат беше направена документација на постојната состојба. Беа конзервирани источниот и јужниот ѕид од хероонот и североисточниот и југозападниот агол. Врз бедемскиот ѕид се изврши привремено консолидирање на мали фрагменти од ѕидаријата со сувоѕид, со цел да се спречи понатамошното обрушување на делови од ѕидот од бедемот врз источниот ѕид од хероонот.

Со програмата за 2006 година се предвидува да продолжат и археолошките истражувања и конзерваторско реставраторските работи.



Археолошки локалитет Стибера, с. Чепигово

10. Конзерваторски реставраторски работи на фрескоживописот на црквата Св. Никола, с. Слепче

По претходно реализирана конзервација на архитектурата се овозможи непречена реализација на конзервација и реставрација на фрескоживописот кој ја покрива целокупната површина во внатрешноста на црквата. Истиот беше премногу исчаден и на големи површини по должината на серклажите вградени во ѕидовите од дрвени греди, беше во критична состојба со тенденција на паѓање.

Проектот како прва фаза се реализира во 2004 година, а во 2005 година се реализира втора и завршна фаза и при тоа се изврши следново:

- Се извадија преостанатите критични површини од живописот, се обработија со цел да се вратат на ѕидната површина;
- Се искитираа сите површини;
- Се изврши инјектирање на сите подглобучени површини;
- Сите површини од ѕидовите и сводот беа припремени за отпочнување на ретуш врз живописот;
- Се изврши комплетно ретуширање на целиот фонд живопис;
- Се изврши фиксирање на живописот;
- За целиот процес од конзервацијата уредно се направи фотодокументација;
- Поставено е соодветно осветлување во црквата.

Со оваа фаза завршија предвидените работи т.е. целосна конзервација и реставрација на живописот на црквата Св. Никола во с. Слепче.





Процес на конзервација и реставрација на фрескоживописот
од манастирската црква Св. Никола с. Слепче

11. Превентивна заштита на фреската "Симнување од крстот" во проскомидијата на црквата Св. Благовештение

Фреската е изработена од Адамче, зограф во 1870 година, а оштетувањата се од различен карактер. Констатирани се подглобучени површини, отпаѓање на боен слој, отпаѓање на фреско малтерот, таложење на чад и масен слој од испарување и запалено кандило. Покрај тоа за оштетување на фреската допринесува и двокрилната дрвена врата која што се наоѓа на самиот отвор од нишата и која со затворање допринесува за позабрзано оштетување на фреската. Од тие причини дрвената врата е отстранета. Извршена е превентивна заштита со нанесување на класичен конзерваторски кит и раствор од Врска-у на површините на кои се отстрани маслената боја. Пукнатините на фреската беа консолидирани со класичен конзерваторски кит. Оваа делумна заштита треба да биде почетна фаза во процесот на трајна конзервација на фреската.





Превентивна заштита на фреската "Симнување од крстот"
во проскомидијата на црквата Св. Благовештение

12. Конзервација и реставрација на царските двери од иконостасот на црквата Св. Никола, с. Зрзе

Царските двери од црквата Св. Никола, с. Зрзе се дел од иконостасот на истата црква. Изработени се во техника темпера врз грундирано платно нанесено на монолитни дрвени плочи. Видливо е пресликувањето на голем дел од обоените оригинални површини. Остатоците од оригиналниот иконопис на царските двери што се видливи и непокриени со новите боени слоеви на преслика, укажуваат на префинета мајсторска творба на искусен автор. Со цел да се истражи и да се дибијат почетни сознанија за состојбата, оригиналноста и датирањето се пристапи кон рендгенско снимање во Рендгенолошко одделение на Општа болница во Прилеп со стручна помош на Примариус Д-р Александар Ристески. Резултатите ги потврдија претпоставките за присутност на боениот слој од пресликаните и оштетените површини на Дверите. Јасен е приказот на оригиналниот иконопис и покриеноста со горните боени слоеви. Натамошните истражувачки работи ќе бидат во функција на реставраторска оправданост за презентација на оригиналниот изглед на царските двери.




Царските двери од иконостасот на црквата Св. Никола, с. Зрзе

13. Конзервација и реставрација на графички листови - бакрорези од црквите Св. Благовештение и Св. Димитрија, Варош, Прилеп

Прилепската збирка на графички листови се смета за една од најбогатите како по уметничка така и по иконографските претстави. Според досегашните истражувања присутни се дела на познатите мајстори Захариe Орфелин и Тома Сидер Пенто. Министерството за култура во 2004 година започна да го финансира овој проект кој продолжи и во 2005 година. Реализацијата на овој проект е во соработка со конзерваторската лабораторија на НУБ Климент Охридски-Скопје и за оваа година се конзервирани или се во фаза на конзервација 25 графички листови. Со претходните 19 би се создала солидна конзервирана и реставрирана збирка од 44 листови кои ќе можат да бидат презентирани пред поширокаата јавност во Р. Македонија но и надвор од неа.



Манастир Зограф, 1802, бакрорез, непознат автор, Виена



Манастир Ватопед, 1792-1802, бакрорез, непознат автор, печатница Антонио Бартоли, Венеција

14. Заштита на камени споменици и уредување на музејски простор за лапидариум

Активностите започнаа со расчистување на теренот т.е. рушење на старите објекти во дворното место. Потоа следуваше формирање на канали потребни за поставување на водоводна и канализациона мрежа врз основа на техничкиот проект. Должината на мрежата достигна 44 м со 7 ревизиони шахти за канализацијата и 1 водоводна ревизиона шахта. По ова следуваше враќање на земјата и нејзино набивање во каналите како и израмнување на целиот терен. Со тоа локацијата е подготвена за реализација на наредната фаза.





Камена пластика

II. Музејска дејност

1. Систематски археолошки истражувања на локалитетот "Трештена Стена" с. Чаниште, Мариово

Локалитетот Трештена стена се наоѓа на околу 4 км југозападно од асфалтниот пат Прилеп-Витолиште и на околу 300-400 м западно од стариот пристапен пат за село Чаниште. Тоа е праисториска населба лоцирана на доминантно, природно заштитено место. Оваа година беше истражена површина од 36 м² и се работеше на системот на мали откопи со издвојување на наодите и затворените целини. Од истражувањата јасно се гледа дека населбата имала еден културен слој со најмалку 3 хоризонти на живеење. Животот се одвивал континуирано. Најдени се керамички садови и орудија од камен и коска, керамички фрагменти, животински коски, фрагментирани статуетки, фрагменти од жртвеници, аморфен камен, рачни мелници и др. Позначајни наоди се: предмет од земја со пирамидална форма во средината вертикално кружно продупчен, предмет од земја со кружна форма во средината кружно продупчен, неколку прешлени со кружна форма од кои еден е орнаментиран, кремени, глава од земјена зооморфна статуетка, кружна плоча во средината вертикално продупчена, фрагментирано орудие од коска, рачна мелница, школки и др. Како значајни откритија треба да се издвојат: конструкцијата со издолжена форма оформена од набиена глина со окереста боја и аморфен камен, како и огништето откриено во просторот на квадрат 13.





Археолошки истражувања на локалитетот Трештена стена с. Чаниште, Мариово

2. Сондажни археолошки истражувања на локалитетот Баба, Прилеп

Локалитетот Баба се наоѓа 4 км североисточно од центарот на Прилеп и 6 км западно од планинскиот превој Плетвар. Има мошне поволна положба со доминација над широката околина, особено во поглед на прегледноста кон превоите Плетвар и Дервен. Ридот Баба претставува доминантен карпест врв и истиот бил утврден. Тврдината се состои од три дела: акропол, северно и јужно подградие. Во текот на истражувањата откриени се повеќе градби и конструкции во самата тврдина а во истите и движен материјал како: бронзена монета, фрагменти од керамички садови, метален предмет со правоаголна форма, клинец, како и поситни и покрупни парчиња згура. Според првичните аналогни анализи на движниот материјал може да се заклучи дека почетоците на животот на населбата е кон крајот на енеолитскиот период. Од периодот на хелинизмот се фрагменти од т.н. мегарски чаши украсени со флорални мотиви, фрагмент од плитка чинија со втиснати палмети од внатрешната страна, фрагмент прекриен со фирнајс со кафеава боја, тегови со пирамидална или кружна форма, игла од фибула како и фрагменти од керамички садови со различни облици. Од доцноантичкиот период значајни се наодите: керамички плочки со кружна форма, фрагментирани садови од стакло, наоди од метал, бронзени фибули, врв од противоклопна стрела кована од железо и друго.





Археолошки истражувања на локалитетот Баба, Прилеп

3. Нова археолошка поставка

Во рамките на овој проект се работеше на дореализација на новата археолошка поставка, која ќе ги опфати периодите на праисторија, антика и среден век. Се работеше паралелно и на дефинирање на архитектонското решение на просторот, дефинирање на осветлувањето и витрините, како и на конзервација и реставрација на експонатите кои ќе бидат изложени. Набавени се светлечки тела за изложбениот простор како и за витрините а се работеше и на финалната обработка на ѕидовите и подовите во изложбениот и влезниот простор.



Дел од салата на археолошката поставка



Салонот пред археолошката поставка

4. Собирање на депониран мемоарски материјал (сеќавања, спомени, документи, фотографии и сл.) на истакнати личности од прилепскиот крај

Овој проект се реализира во Централниот државен архив во Софија, и Народната библиотека Кирил и Методиј во Софија, Република Бугарија. Беа разгледувани описите на фондовите, описите на документите, па потоа и самите документи. Краткиот престој во Софија не ни овозможи да разгледаме голем број документи. Сепак радува фактот што Министерството за култура финансира вакви проекти. Сепак во текот на истражувањето беа разгледани повеќе фондови како што се: Бугарското конзулство во Битола (1897-1912) и Бугарската народна банка (1941-1944), како и личните фондови на: Јордан Бадев, Милан Грашев, Константин Кондов, Данаил Крапчев, Методиј Кусев, Ѓорче Петров и Анастас Лозанчев. Од фондовите беа добиени повеќе податоци како за личностите така и за самиот град Прилеп. Особено во тој поглед има документација за Методиј Кусев, старозагорски митрополит. Народната библиотека Кирил и Методиј има фототека која се однесува на дејци од Прилеп но и панорамски фотографии на градот. Со оглед на сложеноста на процедурата за пресликување на истите не ни беше овозможено да го направиме истото пред се поради временскиот теснец. Се надевам идната година доколку Министерството за култура го финансира овој проект ќе дојдеме до значајна збирка на фотографии за истакнати личности од Прилеп и Прилепско како и за самиот Прилеп.


ДА СЕ ЗНАЕ И ПОМНИ

Освободителнитѣ борби тоѫ къри на Македония

ПРИЛЕПЪ

Напис за Прилеп во бугарски весник од 1934 година

5. Изложба на фотографии "Прилеп 1944-1990"

Изложбата од областа на историјата го прикажува повоениот развој на Прилеп на стопански план, станбено-комуналната изградба, развојот на образованието и културата.

Во стопанскиот развој е даден акцент на формирањето и изградбата на поголемите фабрики, комбинати и други индустриски капацитети.

Во станбено-комунална изградба е прикажана изградбата на улици, патишта, водоводи, канализации, станбени населби и друго.

Во образованието и културата беше ставен акцент на новоизградените згради на основните и средните училишта, Економскиот факултет, Театарот, библиотеката, историскиот архив, Музејот и музејските поставки и др.

Целокупната изложба со текстот и 98 фотографии беше напечатена на каталог од 64 страни.



Корица на каталогот "Прилеп 1944 - 1990"

6. Изложба “Скутините од прилепскиот крај”

Во рамките на програмата за музејска дејност на НУ Завод и Музеј - Прилеп за 2005 година се реализира етнолошката изложба “Скутините од прилепскиот крај”.

Скутината зазема истакнато место во целината на народната носија т.е. нејзините бројни орнаментирани делови. Со оглед на фактот што Етнолошкото одделение располага со голем број на скутини се одлучивме на ваква изложба која што предизвика особено внимание. Изложените 20 скутини припаѓаат на периодот од крајот на 19 до средината на 20 век и истите се белег на високите креативни способности на нашиот народ кој создал своја сопствена народна облека со специфични декорации. Изложбата предизвика големо внимание во јавноста и од истите причини беше поставена во културно информативниот центар на Република Македонија во Софија, Република Бугарија и во спомен домот на основоположникот на македонскиот фолклор Пеце Атанасоски во с.Долнени за време на одржувањето на фестивалот на народни инструменти и песни “Пеце Атанасоски”.



Скутина од прилепскиот крај - село Марул

7. Изложба "Архитектура што изумира" - Мариово

За потребите на изложбата селектиран е и подготвен целокупниот фото и дескриптивен материјал. Поради работа на раководителот на овој проект на други два проекти во последните месеци од 2005 година (црква Св. Никола, с. Манастир и манастир Св. Архангел Михаил, Варош), истата не се реализира во предвидениот период (месец декември 2005 г.). Изложбата ќе биде реализирана во првите месеци од 2006 година.



Детал од објект с. Пештани



Куќа с. Дуње

8. Едукативен проект "Нашето минато"

Овој проект се реализира во соработка со ученици од ДЕТУ "Кузман Јосифоски-Питу" од Прилеп под раководство на професорот по урбана култура, Цане Котески. Во проектот беа вклучени и стручни лица од НУ Завод и Музеј - Прилеп. Учениците ги посетија Галеријата на икони, Меморијалниот музеј 11 Октомври 1941, Могилата на непобедените, локалитетот Маркови кули, црквите во Варош, како и ја разгледа етнолошката збирка на Н.У. Завод и Музеј-Прилеп. Како резултат на се она што беше видено и слушнато за време на реализацијата на овој проект беше поставена изложба на фотографии и цртежи создадени од самите ученици. Истата беше поставена во ДЕТУ "Кузман Јосифоски-Питу".




Учениците учесници во проектот "Нашето Минато"
во посета на Марковите кули

III. Издавачка дејност

1. Монографија “50 години Музеј-Прилеп”

По повод одбележувањето на 50 години од формирањето на нашата установа пристапивме кон подготовка на монографија која ќе ја претставува истата. Ова издание содржи голем број на податоци за нашата установа. Имено претставувајќи ги одделенијата презентирана е работата на стручните лица а со тоа се претставени голем број археолошки локалитети, историскиот развој на Прилеп, историјата на уметност и етнологијата во прилепскиот крај. Претставени се сите споменици на културата во Прилеп и прилепско како и сите музејски поставки во нашиот град. Монографијата содржи податоци за сите досегашни вработени од 1955-2005 година, раководители на оваа установа и уште многу нешта препознатливи за Прилеп и нашата установа. Содржи голем број на фотографии и истата е двојазично напишана (македонски и англиски јазик). Промоцијата предизвика голем интерес на јавноста во Република Македонија и истата се случи на 09.11.2005година, а ја промовираше Д-р Елеонора Петрова, амбасадор на Република Македонија во Постојаната мисија во Советот на Европа во Стразбур. Монографијата е испратена до сите музејски установи како, установи за заштита на културното наследство во Република Македонија и библиотеките во Република Македонија.




Корица на монографијата “ 50 Години Музеј Прилеп ”

2. Цртежи на фрески на црквата Св. Атанасие Александриски, с.Рилево, прилепско

Ваквиот вид на публикации НУ Завод и Музеј - Прилеп често ги пријавува во Министерството за култура за издавачка дејност. Оваа публикација е трета по ред по оние за црквите Св. Никола, с.Слепче и Св. Никола, Варош. Како и претходните така и оваа публикација изобилува со цртежи на фрески од богатата декорација во црквата.

Со оглед на фактот што средствата од страна на Министерството за култура ги добивме кон крајот на 2005 година од тие причини печатењето на оваа публикација т.е. нејзината припрема започна неодамна. Сепак од причини што истата беше целосно подготвена и нејзиното излегување од печат се очекува во почетокот на 2006 година.



Корица од публикацијата “Свети Атанасие, с. Рилево Прилеп - цртежи на фрески”

IV. Меѓународни активности

1. Изложба "Скутините од прилепскиот крај" во Културно информативен центар на Р. Македонија во Софија, Р. Бугарија

За прв пат од основањето на нашата установа со своја изложба се претставивме и надвор од Републиката. Изложбата "Скутините од прилепскиот крај" со својата специфичност на експонатите кои ги презентираше - скутините, предизвика голем интерес, што беше повод да биде изложена во Културно информативниот центар на Р. Македонија во Софија, Р.Бугарија. Изложените скутини, кои се драгоцен документ на периодот од крајот на 19 и средината на 20 век, предизвикаа воодушевување кај бугарската публика, бидејќи зборуваат за високите креативни способности на нашиот народ кој успеал да создаде сопствена народна облека со специфични типски и декоративни одлики од нашето поднебје. Оваа изложба беше отворена во периодот од 15.06 до 15.07. 2005 година. Според податоците на директорот на Центарот, д-р Стефан Влахов Мицов изложбата била посетена од оклу 500 посетители.



Отворање на изложбата "Скутините од прилепскиот крај"

V. Извршени увиди

Во текот на оваа година извршени се повеќе увиди на состојба на споменици на културата, други цркви и манастири, археолошки локалитети. Исто така направени се увиди и побарана е стручна консултација од црковните одбори а со цел изведување на мали градежни интервенции, увиди по барање на МВР, Локална самоуправа, како и други правни и физички лица.

Општина Прилеп, Долнени и Кривогаштани

1. Населба "Варош", Прилеп
2. Црква Св. Благовештение, Прилеп
3. Црква Св. Димитрија, Варош
4. Црква Св.Никола, с. Топлица
5. Црква Св. Илија, с. Долгаец
6. Локалитет "Црквиште", с. Обршани
7. Локација "Сред село", с. Дупјачани
8. Локација "Деветно", с. Ропотово
9. Локација ул. "Републиканска", Прилеп

Општина Крушево

1. Црква Св. Јован, Крушево
2. Споменик Илинден, Крушево
3. Работилница за оружје (Леарница), Крушево
4. Галерија "Никола Мартиноски", Крушево
5. Музејот на Крушевската Република, Крушево
6. Мост на Црна Река, с. Бучин, крушевско
7. Црква Св. Ѓорѓи, с. Острилци, крушевско

VI. Педагошко водичка служба

Во НУ Завод и Музеј - Прилеп покрај другото се обавува и педагошко водичка служба. Истата се изведува во објектите во надлежност на нашата установа и тоа:

1. Меморијален музеј "11 Октомври 1941"
2. Меморијален музеј " Кузман Јосифоски-Питу"
3. Паркот на Револуцијата
4. Галерија на икони
5. Спомен дом "Блаже Конески", с. Небрегово
6. Музеј за тутун

Покрај во предходно наведените објекти педагошко водичка служба беше обавувано и по спомениците на културата во Прилеп и прилепско. Сите предходно наведени објекти како и постојаните и повремените изложби беа посетени од голем број на посетители како поединечно така и во групи. Посетите редовно беа изведувани со одржување на историски часови или презентирање на поставката. Посебно би сакал да ја истакнам редовната посетеност од страна на основните и средните училишта.

VII. Вонпрограмски активности

1. Спомен дом “Блаже Конески” с. Небрегово

Фондацијата за македонски јазик “Небрегово” беше носител на активностите околу обновувањето и ревитализација на спомен домот на истакнатиот македонски публицист, основоположник на современиот македонски литературен јазик и редактор на Речникот на македонски јазик, професор на Филозофскиот факултет, Ректор на Скопскиот универзитет и претседател на Македонската академија на науките и уметностите, Блаже Конески. После изработениот проект за санација во кој стручни лица на НУ Завод и Музеј - Прилеп имаа свое учество како и во делот на партерното уредување на овој објект, кој патем да кажеме дека во 2004 година од страна на НУ Завод и Музеј - Прилеп беше подготвен Предлогот за утврдување својство на споменик на културата, се пристапи кон целосна реализација на овој проект. Активностите започнаа на 09.04.2005 година во присуство на покровителот на Спомен домот, Претседателот на Р. Македонија, г-нот Бранко Црвенковски.



Спомен дом “Блаже Конески” с. Небрегово

Нашата установа целосно беше вклучена и во внатрешното уредување на овој објект со експонати од Етнолошкото одделение а со помош на фондацијата се откупија голем број на предмети кои сега се дел од музејската поставка на овој Спомен дом. Истиот официјално беше отворен на 01.08.2005 година од страна на Претседателот Бранко Црвенковски. Во текот на оваа година Спомен домот беше посетен од голем број посетители и истиот работи секој работен ден а по потреба и за време на викендите. За потребите на домот ангажирано е едно лице со одобрение на Министерството за култура.



Претседателот Бранко Црвенковски
на свеченото отворање на Спомен домот "Блаже Конески" с. Небрегово

2. Галерија “Никола Мартиноски” - Крушево

Во текот на 2005 година започнаа конзерваторските работи на оваа галерија. Согласно Законот за заштита на културното наследство, конзерваторскиот надзор го водеше стручно лице на НУ Завод и Музеј - Прилеп. Во текот на извршувањето на конзерваторските работи во повеќе наврати се изврши увид на објектот а воедно беа извршени и стручни консултации од страна на изведувачот со стручното лице на нашата установа. Се очекува во првите месеци од 2006 година конзерваторските работи да завршат и Галеријата свечено да биде отворена со што обновената родна куќа на истакнатиот македонски уметник Никола Мартиноски ќе биде место на пријатен престој на посетителите од земјата и надвор од неа.



Конзерваторски надзор на Галеријата “Никола Мартиноски” во Крушево

3. Едукативен проект "Нашето минато низ драмска игра, модерен балет и фотографија"

Како резултат на нашето учество на семинарот организиран од страна на фондацијата Институт отворено општество-Македонија на тема "Едукацијата во музејските установи", нашиот проект беше подржан и финансиран од оваа фондација. Проектот се реализира во соработка со ученици од ДЕТУ Кузман Јосифоски - Питу, ДСУ Ѓорче Петров и ДСУ (Гимназија) Мирче Ацев, сите од Прилеп. Учениците беа поделени на три групи при што ги посетија селото Витолиште, средновековната тврдина Маркови Кули, Меморијалниот музеј "11 Октомври 1941" и Старата чаршија во Прилеп. Во проектот беа вклучени стручни лица од НУ Завод и Музеј - Прилеп. На завршниот перформанс реализиран на 10.12.2005 година во Центарот за култура "Марко Цепенков" беше поставена изложба на фотографии (движно и недвижно културно наследство), беа одиграни две драмски игри ("Лепа Ангелина и болен Дојчин" и "Итар Пејо, попот и алвата") и две точки на модерен балет ("Цар Самоил" и "Напад на участакот"). Овие креации беа дела на учениците учесници во проектот а врз основа на впечатоците од нивните посети на наведените локации.

ЕДУКАТИВЕН ПРОЕКТ

"НАШЕТО МИНАТО НИЗ МОДЕРЕН БАЛЕТ, ДРАМСКА ИГРА И ФОТОГРАФИЈА"

НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј - Прилеп
ДЕТУ "Кузман Јосифоски - Питу", ДСУ "Ѓорче Петров", ДСУ "Мирче Ацев" - Прилеп
Фондација институт отворено општество - Македонија, Скопје

10 декември, 2005 година
Фоаје во НУ Центар за култура "Марко Цепенков" - Прилеп
почеток 19 часот

НУ Завод и Музеј
Прилеп

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

4. "Духовната култура низ очите на децата"

По повод одбележувањето на манифестацијата "Европски денови на културното наследство" и НУ Завод и Музеј - Прилеп даде свој придонес. Темата на годишното одбележување беше духовната култура. Од тие причини нашата установа го оргнизира културниот настан "Духовната култура низ очите на децата". Во реализацијата на перформансите беа вклучени 63 ученици од VI - VIII одделение, од 8 основни училишта од Прилеп. Тие изведоа: читање на стихови, народна поезија, извадоци од литературни дела, драмски перформанси, брзозборки, детски игри, извадоци од народни обичаи, приказни, здравици, монолози, тажачки, хуморески, гатанки и друго. Темите беа од областа на духовната и социјалната култура во Македонија како: Тајане Бојане, Велигденско бласоење, Коледарски тајфи (народна, чимитек, челик чомок, аулец-баулец, петкамен), стилизација на амкање јајца, приказни за народни обичаи (Покрсти, Ѓурѓовден, Иванден, Водици, Курбан Бајрам, Прочка, Еремија, Додоле, Коледе, Божик), обичаи од социјална култура (наречници, одење по невеста, свадбарски песни, крштевање, стрижење на коса), традициски песни (Итар Пејо, Настрадин Оџа и др.) и др.

Оценка на успешноста на перформансите дадоа повеќе актери и гости на културниот настан и тој е оценет како мошне успешен.



"Духовната култура низ очите на децата"

5. Изложба на фотографии “Луѓе кои ја победија војната”

По повод одбележувањето на 60 годишнината од победата над фашизмот, НУ Завод и Музеј - Прилеп во соработка со Амбасадата на Руската Федерација во Р. Македонија и Македонското-Руско друштво од Прилеп ја организираа оваа изложба. Истата се состоеше од 20 паноа со 100-ина фотографии од Втората светска војна и големиот придонес на Руската армија во Анти-хитлеровската коалиција за големата победа над фашизмот.



Покана за изложбата на фотографии “Луѓе кои ја победија војната”

VIII. Заеднички служби

Правно административно одделение

Во рамките на ова одделение беа извршени следните работи и работни задачи:

- водење на правна заштита на спомениците на културата;
- учество во комисија за прогласување и губење својство на споменик на културата;
- изготвување на мислења, одлуки и решенија за потрбите на службите и установата;
- изготвување на договори за работа со надворешни лица;
- учество на симпозиуми и јавни дебати на одредени теми;
- извршување на работи и работни задачи што произлегуваат од природата на дејноста на одделението.

Библиотека

Во 2005 година како и секоја година, во библиотеката на НУ Завод и Музеј – Прилеп се набавува и стручно се обработува од страна на библиотекарот новата литература. До истата се доаѓа по пат на претплата, размена или подарок. Во текот на 2005 година ново набавени се 101 книга, 45 списанија и 12 речници и при тоа изготвени се 101 каталожно картонче на книгите и 506 каталожни картончиња на списанијата. По пат на размена испратени се 32 книги во издание на НУ Завод и Музеј – Прилеп до други музеи, заводи и други установи во земјата и странство со кои библиотеката остварува соработка по пат на размена. За потребите на вработените вршени се и други работи и работни задачи како:

- пишување на текстови, писма, извештаи и друго;
- компјутерска обработка на податоци и слично;
- подготовка на каталози, покани и слично;
- извршување на работи и работни задачи што произлегуваат од природата на библиотеката.

Фотолабораторија

Последниве три години во НУ Завод и Музеј – Прилеп се практикува за секој проект да се изработува фотодокументација и посебно видео документација што секако е нешто ново во однос на предходните години. За потребите на стручните лица вршени се следните работи и работни задачи:

- изработка на фото документација на движни и недвижни споменици на култура;
- изработка на видео документација на движни и недвижни споменици на култура;
- изработка на фото и видео документација на изложбите и промоциите;
- изработка на фото и видео документација за проектите од археологија за 2005 година;
- изработка на фото и видео документација за проект "Рурална архитектура во Мариово";
- изготвување на покани и каталози за изложбите и промоциите;
- учество при увид на стручна екипа;
- извршување на работи и работни задачи што произлегуваат од природата на дејноста на фотолабораторијата.

Архива и Народна Одбрана

Согласно Законот за архивска граѓа и уредбата за канцелариско и архивско работење во текот на 2005 година беше изготвен план на архивски знаци за распоредување на актите за 2005 година на НУ Завод и Музеј Прилеп за што добивме согласност од Архив на Македонија ПО–Прилеп. Раководејќи се по планот беше водена архивата и деловодниот протокол. Во рамките на архивата водени се уредно сите потребни книги на нашата институција.

Во рамките на одбраната вршени се сите неопходни работи. Постојано од страна на лица од Министерството за одбрана ПО Прилеп сме посетувани и целосно ги применуваме нивните препораки.

Финансиско книговодствена служба

Во рамките на оваа служба во оваа година се обавуваа следните работи:

- книжење на материјалните и финансиски документи ;
- изготвување на завршни сметки;
- изготвување на временски извештаи ,планови и слично;
- редовно доставување на статистички и други извештаи;
- извршување на вирманска исплата;
- фактурирање извршени услуги;
- извршување на други работи и работни задачи што произлегуваат од природата на оваа служба.

*

Според се она што беше кажано досега можеме да заклучиме дека НУ Завод и Музеј – Прилеп ги реализира во целост проектите финансирани од страна на Министерството за култура. Покрај тоа НУ Завод и Музеј – Прилеп организираше и реализира голем број на проекти кои што не произлегоа од Програмата за заштита на културното наследство или од Програмата за музејска дејност, а произлегуваат од Правилникот за распоредување на работи и работни задачи со опис и попис на работите и работни задачи, Статутот на НУ Завод и Музеј – Прилеп, Закон за заштита на културното наследство, Закон за музеите како и Закон за културата како и проекти во соработка со други културни установи од Република Македонија, разни друштва, невладини организации и други субјекти и поединци.

ДИРЕКТОР

Рубинчо Белчески